Врз основа на член 24 став (1) точка (10) од Статутот на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република  Северна Македонија бр.01-391/2 од 26 август 2011 година и бр.01-374/6 од 19 март 2019 година и член 6 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/2020), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 30 август 2021 година донесе

# ПРАВИЛНИК
## за начинот на обезбедување на контрола на пристап до сервер салата на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија

Член 1

Со овој правилник се определува начинот на обезбедување на контролата на пристап до сервер салата на Регулаторната комисија за енергетика за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторната комисија за енергетика) како и начинот на обезбедување на евиденција на реализираните пристапи до истата.

Член 2

(1) Сервер салата во Регулаторната комисија за енергетика е сместена во посебно наменета заклучена просторија во седиштето на Регулаторната комисија за енергетика на ул. Македонија бр. 25 кат 6. Просторијата е со обезбедени посебни услови за климатизација на воздухот, детектори за откривање на пожар и заштита од поплава.
(2) Неограничен пристап до сервер салата на Регулаторната комисија за енергетика им е дозволен само на овластено лице за пристап или на администраторот на информациските системи кој е вработен во Регулаторната комисија за енергетика.
(3) На вработените/ангажираните лица во Регулаторната комисија за енергетика не им е дозволен пристап до сервер салата.
(4) На надворешни лица по потреба им се овозможува пристап до сервер салата само со дозвола и присуство на овластено лице или администраторот на информациските системи и тоа во случај на: сервисирање на серверската опрема што се наоѓа во сервер салата (сервери, storage, USB, и друга мрежна опрема) или на клима уредите поставени во сервер салата, инсталација на нова серверска опрема во сервер салата, стандардно одржување (тестирање) на серверската опрема, инсталација и сервисирање на телефонска централа која се наоѓа во сервер салата, инсталација и сервисирање на системот на евиденција на вработени кој се наоѓа во сервер салата, како и пристап на овластени лица при вршење на различни типови на инспекциски надзор во Регулаторната комисија за енергетика

(5) Одредбите од ставовите (2), (3) и (4) овој член се применуваат и при уништувањето на копиите или умножените документи.

Член 3

(1) Евиденцијата на пристап во сервер салата се води во хартиена форма, со пополнување на образецот „Образец ОПСС - Пристап во сервер салата кој е даден во Прилог и е составен дел на овие правила.
(2) Образецот е поставен на влезот (на вратата) на сервер салата и секој кој пристапува во сервер салата треба да се евидентира соодветно.
(3) По пристапот во сервер салата таа се заклучува.

Член 4

Непостапувањето и непридржувањето на вработените/ангажираните лица во Регулаторната комисија за енергетика во согласност со одредбите на овој правилник претставува основ за поведување на дисциплинска и/или судска постапка.

Член 5

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија

**бр. 01-1607/1**
**30 август 2021 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на Статутот на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија и Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци (Службен весник на РСМ бр.122/2020) а согласно Законот за заштита на личните податоци (Службен весник на РСМ бр. 42/2020), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: РКЕ) пристапи кон изработка на Правилник за начинот на обезбедување на контрола на пристап до сервер салата на РКЕ.

Со овој Правилник се определува начинот на обезбедување на контролата на пристап до сервер салата на РКЕ како и начинот на обезбедување на евиденција на реализираните пристапи до истата.

Изработката на овој правилник е согласно новиот Законот за заштита на личните податоци во насока на усогласување со истиот, при што РКЕ во својство на контролор има обврска да ги исполнува обврските кои произлегуваат од него.

РКЕ на седницата одржана на 30 август 2021 година донесе Правилник за начинот на обезбедување на контрола на пристап до сервер салата на РКЕ.